# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ И БЕЗБЕДНОСТ НА ПРОИЗВОДОТ

ESENSA d.o.o. се занимава со развој, производство, дистрибуција и продажба на медицински помагала, диететски производи, предмети од општа употреба, козметика, биоцидни производи, соли и адитиви. Покрај задолжителната примена на сите релативни законски прописи, Esensa d.o.o. имплементира, воспостави и ги одржува системите за управување со **ISO 9001**, **ISO 13485**, **ISO 22000**, **ISO 22716**, работи во согласност со барањата на директивата **93/42/EEC** и регулативата **(EU) 745/2017** и ги применува Насоките за Добра производна (**GMP**) и Добра дистрибутивна пракса (**GDP**).

Највисокото раководство на ESENSA Д.О.О. ја воспостави својата Политика на квалитет и безбедност на производи, земајќи ги во предвид интерните и екстерните фактори во кои работи (контекст), целта на постоење (мисија), и стратешката насока ( визија).

Есенса посветено се грижи за квалитетот и безбедноста на своите производи и ги следи на пазарот како дел од грижата за крајниот корисник и неговата безбедност.

Основните принципи на нашата Политика за квалитет и безбедност на производот се:

- постигнување на високо задоволство на клиентите од ESENSA d.o.o. – со квалитетот и безбедноста на производите, услугите и почитување на договорените рокови;
- постигнување на високо задоволсво кај партнерот – со воспоставување и негување на добри партнерски односи;
- постигнување на високо задоволство кај вработените – со поттикнување на развојот и способноста на секој вработен и негова мотивација да придонесе за успехот на ESENSA d.o.o.;
- зголемување на добивката – со зголемување на ефективноста на производството и пласманот на производите од Есенса и перманентно намалување на трошоците во сите организациски делови на ESENSA d.o.o.;
- развој и имплементација на современи технички и технолошки процедури во процесот на производство на медицински помагала, диететски производи (додатоци во исхрана), производи за општа употреба, козметички и биоцидни производи;
- задоволување на интересите на општеството – со почитување на законите, прописите, кодексите и барањата на локалната власт и државата;
- обезбедување перманентен развој и подобрување на ESENSA d.o.o. со правилно согледување и прифаќање на сите идни потреби на корисниците и пазарните околности, со изразени способности за градење одржливи партнерски односи со многу чинители од деловниот амбиент.

Сите вработени во ESENSA d.o.o. при извршувањето на своите активности придонесуваат за реализација на Политиките за квалитет и безбедност на производот и се исто така одговорни за нејзиното спроведување.

Раководството и сите вработени во ESENSA d.o.o со гордост стојат зад Политиката за квалитет и безбедност на производот.

Београд, 22.12.2023. година

Данијела Петровић
Директор

DRUŠTVO ZA PROIZVODNJU I PROMET ESENSA DOO BEOGRAD

Издание: 08